**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ***

**З А П И С Н И К**
**Од трета форумска сесија**
**29.10.2024, Општина Крива Паланка**
**почеток во 12:00 часот**

**Вовед:**
Буџетската форумска сесија која се одржа на **29.10.2024 г. во атриум салата на ООУ ,,Јоаким Крчовски,, во период од 12 до 15 часот часот:**
Форумската сесија всушност беше **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година** на која беа презентирани пет предлог програми и тоа: Предлог за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа, Предлог програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа, Предлог програма за култура за 2025 год, Предлог програма за активности на општина Крива Паланка во областа на спорт и Предлог програма за активности на општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година.

На форумската сесија присуствуваа **51** граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:

| **ВКУПНО:** | **Жени:** | **Мажи:** |
|---|---|---|
| **51** | **33** | **18** |

**Програма на сесијата**(точки, според дневниот ред на дадената сесија):

**ДНЕВЕН РЕД**

| | **I дел** |
|---|---|
| 12:00-12:20 | Добредојде, дневниот ред и цели на третата форумската сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на записникот од втората форумска сесија |
| **12:20-14:45** | **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година :** |
| 12:20-12:45 | **1. Предлог за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025.**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 12:45-13:10 | **2. Предлог програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2025.** |
| 13:10-13:30 | Пауза |
| 13:30-13:55 | **3. Предлог програма за култура за 2025.**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 13:55-14:20 | **4. Предлог програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025.** |

| | |
|---|---|
| | -презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:20-14:45 | **5. Предлог програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:45-15:00 | Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група за расходите, информација за термин за 4 форумска сесија и оценка на форумската сесија |

**Тек и содржина на сесијата**

**Т.1. Добредојде на присутните и вовед во програмата**

На самиот почеток од буџетската форумска сесија во Општина Крива Паланка, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости.

**Т.1.1 Утврдување на дневниот ред за работа**

Модерторот го презентираше дневниот ред и целите на третата форумска сесија, појаснувајќи дека на третата сесија ќе бидат презентирани расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.1.2 . Усвојување на записникот од втората форумска сесија**

Модераторот Митовска потсети на работата на втората форумска сесија. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од втората форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија.

Потоа записникот од втората форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.2. Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година :**

Презентациите на планирани расходи по буџетски програми ги презентираа Никола Граматиков и Даниела Веловска.

На третата форумска сесија беа презентирани вкупно пет буџетски програми, во кои беше даден детален опис за сите ставки и подставки на програмите за 2025 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Од страна на Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај Никола Граматиков беа презентирани две програми: Предлог програма за изработка на урбанистички планови и Предлог програма за заштита на животна средина за 2025 на подрачјето на општина Крива Паланка.

Даниела Велковска раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалник презентираше три програми: Предлог програма за

култура, Програма на ОПКП за активности во областа на спортот и Прелог програма за образование за 2025 година.

**Т.2. 1. Предлог за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025.**

Презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025 ја презентираше Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај - Никола Граматиков.

По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Едита Поцевска - праша дали во програмата има предвидено менување на цевководот од Касарна надолу ?

По секое поставено прашање Раководителот Никола Граматиков одговараше, одговори дека првата замена на азбесни цевки е пред 15 години и опфатено е 80-90 посто од централното градско подрачје и приградските населби. Главниот цевковод генерално е во добра состојба, проблем е цевководот од главната линија до самите корисинци т.с. од главната линија до индивидуалните згради – куќи.

- Анѓелина Ѓошевска – праша дали има решение за Дурачка Река? – многу е загадена испод Кадиска Чешма истекуваат фекалии во реката , многу е загадена, мириса и водата е заматена.

Никола одговори дека тоа е во надлежност на ЈП Комуналец повеќе информации може да добијат таму.

-Ванчо Велковски – праша за Реонски водовод с. Костур, с. Узем, с. Жидилово, многу често нема вода особено во летниот период – има многу диви приклучоци дали некој е надлежен и запознаен со тој проблем?

Никола даде одговор дека овој проблем се јавува и кај сите други водоводи истиот проблем е и кај Вирови Грамаѓе затоа не функционира нема можност за контрола трасата се менува. Повеќе информации може да добиете во ЈП Комуналец и во одделение за инспекциски надзор.

-Едита Поцевска– праша кој е надлежен дали општината дали ЈП Комуналец има многу шахти оставени не покриени?

-Зоран Станковски – праша За квалитетот на водата особено во центар секогаш е матна?

Никола даде одговор дека Водата редовно се испитува, Комуналец редовно зема мостри за испитување. ЈП Комуналец е надлежен. Проблемот најверојатно е од дистрибуцијата од резервоарот во секундарната мрежа.

-Галип – дали некогаш ќе има пристап до канализациона мрежа горниот дел од Нас. Единство од Ловачки нагоре.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Предлози по Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:**

| Предлози по програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС | Работна маса и презентер |
|---|---|
| 1. За цевките до колективните стамбени згради населението да биде известено за начинот на неговото учество во тоа – Ургенто – кај кого треба да се обратат.<br>2. Санирање на т.н. Војничка чешма во с. Жидилово на самиот војнички пат непосредно до граничната линија, кај граничниот камен 100.<br>3. Да се уреди Кадиска чешма за да може да се користи во дадени ситуации (да се даде на некој да ја одржува). | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Катица Борисовска , Милица Николовска |
| 1. Решавање на водоснабдување во с. Градец.<br>2. Решавање на атмосферска канализација на Св. Јоаким Осоговски (Полиција – Осички мост). | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1.План за промена на секундарна мрежа.<br>2. За оддржување на јавна хигиена создавање на повеќе јавни тоалети ( водоводна и канализациона мрежа ). | Култура – Никола Митовски |
| 1. Редовно чистење и одржување на пропусните места, шахти.<br>2. Ставање во функција на јавните тоалети и изградба на нови на повеќе локации. | Јавни дејности – Наташа Колевска |
| 1. Водоводна и канализациона мрежа во Единство-зорле маало.<br>2. На главните аорти да се инсталираат полизатори и јонизатори за прочистување на вода. | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Ја подржува програмата на општината. | Општинска администрација |

**Т.2. 2. Предлог програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2025.**

Презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа ја презентираше Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај - Никола Граматиков.

По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Анѓелина Ѓошевска – праша: Дали во планот е ставен паркот кај Кадиска Чешма и патот накај чешмата зошто е во многу лоша состојба?
Никола даде одговор: Да , во планот е во опфат и улица 11-ти Октомври ќе се реконструира.
-Едита Поцевска – праша: До каде е експропријацијата за делот од поранешна Касарна до Пелагонија и замоли за покани за сопствениците кога ќе се излегува на лице место.
Никола одговори дека: Има цела документација има одобрение, а кога ќе се обезбедат средства за реализација тогаш ќе почне процесот на експропријација.

**Предлози по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година** и презентери по работни маси:

| **Предлози по програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Изградба на мост на Добровничка река кон Мала река во с. Добровница.<br>2. Довршување со асфалтирање на улицата во с. Жидолово до гробиштата, во должина од околу 300m.<br>3. Да се изгради кружен тек во делот кај паркот во Бавчалак ( за безбедност на возачите и учесниците во сообраќајот и да се избегнат сообраќајните прекршоци). | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски |
| 1. Реконструкција на улица во Нас. Баглак ( од Лисица до лулашките ) . | Комунални дејности – Дијана Ангеловска |
| 1. Комплетна реконструкција на паркчето и мостот кај Риплеј кафе и негово осветлување.<br>2. Осветлување на патеката што води до Маневски мост.<br>3. Реконструкција на патчето помеѓу Нас.Чука и патеката за пешаци.<br>4. Реконструкција на патот од Паднена стена до Болничка ливада. ( Нас. Скрљава ) | Култура – Никола Митовски |
| 1. Дореализација на проектот и санирање на патот, реконструкција на патот кон Саат – ул. 8-ми Октомври (кој беше оштетен од поплавите 2023 год.) | Јавни дејности – Наташа Колевска |
| 1. Да се асфалтира патот кон стари градски гробишта.<br>2. Изградба на капела или пренамена на постоечкиот објект на старите градски гробишта. | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Ја подржуваат програмата на општината. | Општинска администрација |

**Т.2. 3. Предлог програма за култура за 2025.**

Презентацијата на расходите по Предлог програма за култура за 2025. год. ја презентираше –Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.

По презентацијата на расходите по Предлог програма за култура за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Едита Поцевска – Како предлог даде да не се издвојуваат парични средства за фестивалот на храна. И да се скратат парични средства за Џој Фест.
-Марица Николовска – Да се скратат парични средства за култура. И праша дали се издвојуваат парични средства за Џој Фест?
Даниела одговори дека 300.000 денари се одвоени за Џој Фест.
-Михаела Јанковска – Се јави во име на младите рече дека ја подржуваат програмата за култура на општината со која заживува градот и има зголемен број на туристи.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Предлози по Програмата за култура за 2025 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по програмата за култура во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Да не се поканувaат пејачи од надвор-странство за кои се издвојуваат многу средства, туку да бидат поканети пејачи од Македонија.<br>2. Фестивал на храна да не се даваат средства од општината. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Милица Николовска |
| 1. Поддршка на локалните уметници-работници и локалните занаети. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Зголемена соработка на младинскиот совет со општината за организирање на музички настани во соработка со градскиот базен.<br>2. Филмски проекции во кино.<br>3. Создавање на НТ при НУЦК.<br>4. Одбележување на денот на млади, денот на детето, денот на поезијата, денот на лицата со попреченост.<br>5. Создавање на младински културен центар. | Култура – Никола Митовски |
| 1. Вклучување на училишните хорови и оркестри во сите општински настани, а со тоа ќе се постигне и нивна поголема афирмација, драмски секции и рецитаторски. | Јавни дејности – Наташа Колевска |
| 1. Да се скратат средствата за некои културни настани.<br>2. Предност да имаат нашите македонски пејачи.<br>3. Вклучување на училиштата во повеќе манифестации.<br>4. Повеќе средства за опрема и гардероба на културно-уметничките здруженија. | Економски развој и туризам- Зоран Станковски |
| 1. Ја поддржуваат програмата на општината. | Општинска администрација |

**Т.2. 4. Предлог програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025**.

Презентацијата на расходите по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025. ја презентираше – Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.
По презентацијата на расходите по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Едита Поцевска – праша: Колку е поединечна стипендија?
Даниела одговори дека стипендијата е 3000 денари и се доделуваат по 9 месеци.
-Анѓелина Ѓошевска – праша: Дали стипендиите одат во прави раце и даде предлог месечно да се зголеми на 5000 денари.

**Предлози по Програмата за активностите од областа на спорт за 2025. во Општина Крива Паланка за 2025 година** и презентери по работни маси:

| **Предлози по програмата за активностите од областа на спорт во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Износот на стипендиите на студентите да се зголеми од 3.000 на 6.000 денари.<br>2. Да се изгради настрешница со заслон на м.в. Ајдучка чешма кон врвот Руен за заштита на планинарите. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски |
| 1. Поддршка на училишните спортови. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Да се даде поддршка на училишните спортови.<br>2. Да се формира одбојкарска секција во училиштата со поддршка од општината. | Култура – Михаела Јанковска |
| 1. На општинските културни настани да се вклучат и повозрасните лица со учество во спортски активности. | Јавни дејности – Наташа Колевска |
| 1. Поголеми парични средства за училишните спортови. | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Го поддржуваат предлогот од маса Култура. | Општинска администрација |

**Т.2. 5. Предлог програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година.**

Презентацијата на расходите по Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година ја презентираше - Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.

По презентацијата на расходите по Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Ванчо Велковски – праша: Дали субвенционираниот превоз е само за студенти на државните универзитети или и за студенти на приватните универзитети?
Даниела даде одговор дека стипендиите се наменети само за студенти на државните универзитети во Скопје, проблем за превоз до универзитетите во другите градови е што нема превоз – директни линии.
-Михаела Јанковска – праша: Дали со ланч пакетите се опфатени и подрачните училишта?
Даниела одговори дека се опфатени и подрачните училишта.
-Марица Николовска – Како предлог даде да се помогне на училиштата во набавка на музичка, спортска и друга опрема.
-Ангелина Ѓошевска – праша: Дали општината помага на матурантите во субвенционирање на фотографии за матурско табло, се надоврза Михаела Јанковска ученичка од 4 година и рече дека секоја генерација одлучува сама дали ќе има табло и колку слики ќе има.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Предлози по Програмата за Предлог програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование во Општина Крива Паланка за 2025 година** и презентери по работни маси:

| **Предлози по програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година. во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Стипендиите за талентирани ученици да бидат зголемени од 3.000 денари на 6.000 денари .<br>2. Да им биде платен превозот на студентите и во другите градови освен во Скопје. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Милица Николовска |
| 1. Едукативни работилници за врсничко насилство и ментално здравје. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Урбано уредување и реконструкција на П.О.У. Мождивњак и реконструкција на спортската сала при П.О.У. Мождивњак.<br>2. Да се обезбедат учебници за новововедените струки-предмети во СОУ ,,Ѓорче Петров,,<br>3. Да се воведе проект ,, менструална сиромаштија,, во соработка со училиштата и донатори. | Култура – Михаела Јанковска |
| 1. Изградба на училишна зграда, обезбедување на соодветна локација во урбанистичкиот план за да ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски,, работи во една смена. | Јавни дејности – Наташа Колевска |
| 1. Да постои ставка за помош на училиштата за купување на музичка опрема, спортска опрема.<br>2. Стимулирање на ученици и наставници при одење на натпревари. | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Поддршка на програмата на општината. | Општинска администрација |

## Т.3. Формирање на работна група

Од секоја работна маса беа номинирани членови на работната група кои ќе се состанат и ќе дискутираат за дадените предлозите од страна на форумот. Работната група е во состав:

1. Урбанизам, сообраќај и животната средина - **Ванчо Велковски**
2. Комунални дејности **– Жаклина Цветковска**
3. Култура – **Михаела Јанковска и Сара Ѓоргиевска**
4. Јавни дејности – **Зорица Ристовска**
5. Економски развоји туризам - **Марица Николовска**
6. Општинска администрација – **Бранко Велиновски**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Т.4. Следни чекори (одредување на термин за следната сесија) и оценка на форумска сесија**

Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на третата форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на четвртата форумска сесија, закажана за **06.11.2023 год.(среда ).**

**Оперативна група:**

- **Гордана Ристовска – општински координатор на форумскиот процес**
  - **Анкица Јаќимовска – член**
  - **Лилјана Стојановска - член**
  - **Виктор Петровски – член**
  - **Емил Додевски – член**
  - **Љупка Ангеловска-член**
  - **Билјана Цветковска Тасевска-член**

**Завршен параграф:**
Третата форумска сесија заврши во 15:00 часот**.**

**Записникот го подготви:**
**Анкица Јаќимовска**

**Модератор на форумот**
**Лидија Митовска**